Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва („ЗТД“) (Службен весник на Република Македонија бр. 28/04 со сите последователни измени и дополнувања), одборот на директори на Осигурително брокерско друштво М БРОКЕР АД Скопје во состав: Бјанка Катру – извршен член на одбор на директори - генерален директор, Александра Мишевска - неизвршен член на одбор на директори, Ирена Варга – неизвршен член на одбор на директори, Ненад Дафинчевски – неизвршен член на одбор на директори и Филип Јордановски – извршен член на одбор на директори, на седницата на одборот на директори одржана на ден 12.06.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за разрешување и именување на извршен член на одбор на директори – генерален директор**

**Член 1**

Со донесувањето на оваа одлука се разрешува г – ѓа Бјанка Катру од Скопје, со адреса на ул. Варшавска бр. 1/2 – 66 Скопје, со ЕМБГ [redacted] од позицијата извршен член на одбор на директори – генерален директор;

**Член 2**

Со донесувањето на оваа одлука се именува г – дин Филип Јордановски од Скопје со адреса на Бул. Јане Сандански бр.16/1 – 7 Скопје, со ЕМБГ [redacted] на позицијата извршен член на одбор на директори – генерален директор;

Именованиот, функцијата извршен член на одбор на директори – генерален директор ќе ја врши со времетраење додека трае мандатот на одборот на директори.

Именованиот, функцијата извршен член на одбор на директори – генерален директор ќе ја врши со следното ограничување: за склучување на договори и/или било какви зделки чија вредност надминува износ од 10.000,00 евра од страна на било кој од членовите на одборот на директори ќе биде потребно задолжително претходно добиено писмено одобрување од страна на Менаџмент Фајненшл Груп АД како единствен акционер и сопственик на Друштвото. Ваквото ограничување не се однесува на налогот за исплата на плата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач

/______________________

Бјанка Катру

Неизвршен член
Оверувач

/______________________

Филип Јордановски

Неизвршен член
Оверувач

/______________________

Александра Мишевска

Неизвршен член
Оверувач

/______________________

Ирена Варга

Неизвршен член
Оверувач

/______________________

Ненад Дафинчевски